ПРАВИЛНИК ЗА ИЗДАВАЊЕ ДИПЛОМИ, ДОДАТОК НА ДИПЛОМИ, СТЕКНАТИОТ НАЗИВ И ДРУГИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАВРШЕНИ СТУДИИ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Скопје, 11.05.2022 година

Врз основа на член 94 т.24 и член 155 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" бр.82/18) и Правилникот за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи („Службен весник на РМ" бр.102/18), Универзитетскиот сенат, на 105-та седница одржана на ден 11.05.2022 година, го донесе следниот:

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр 03-537/1
11.05 2022 год.
СКОПЈЕ 1

ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ
на
ПРАВИЛНИК
за издавање дипломи, додаток на дипломи, стекнатиот назив и други документи за завршени студии на Европски Универзитет Скопје

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат единствените критериуми и постапката за издавање дипломи, додаток на дипломи, стекнатиот назив и други документи за завршени студии на високо образование на Европскиот Универзитет Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот).

ДИПЛОМА И ДОДАТОК НА ДИПЛОМА

Член 2

На студентот кој ќе ги изврши сите обврски по студиската програма за добивање на високото образование, во кој било циклус на образование, Универзитетот и единицата на Универзитетот, врз основ на евиденцијата што се води за него, му издава диплома.

Со дипломата, од ставот 1 на овој член, се потврдува дека студентот завршил студиска програма од прв, втор или трет циклус и се стекнува со соодветен стручен или научен назив.

Составен дел на дипломата е додаток на дипломата.

Член 3

Диплома и додатокот на дипломата на универзитетот ја потпишува ректорот и деканот на единицата на универзитетот и истата се заверува со сув печат на Универзитетот.

Член 4

На студентот кој ќе ги изврши сите обврски по студиската програма за усовршување или само дел од студиска програма за стекнување на образование му

се издава уверение, за завршниот дел од студиската програма, која содржи податоци за нивото, природата и содржината на студиите, како и постигнатите резултати.

Член 5

Содржината и формата на дипломата и упатството за подготовка на додаток на диплома и на другите јавни исправи, определени со овој правилник, во согласност со Закон, ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование.

Член 6

Лицето кое завршило прв циклус, додипломски студии се стекнува со академски назив: дипломиран (скратено: дипл.) и додавка на соодветната област, ако со Закон поинаку не е уредено (во меѓународниот промет: Bachelor или Baccalaureus, односно Baccalaurea, скратено: B.A., B.Sc.).

Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на додипломските студии припаѓаат на нивото VI Б за тригодишните додипломски студии, односно на нивото VI А за четиригодишните додипломски студии од Националната рамка на квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на квалификации.

Лицето кое завршило прв циклус, стручни студии се стекнува со соодветен стручен назив, во согласност со закон (во меѓународниот промет: Bachelor или Baccalaureus, односно Baccalaurea, со додавка на струката, ако со закон поинаку не е уредено, скратено: B.A., B.Sc.).

Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на првиот циклус на стручни студии припаѓаат на нивото VI Б за тригодишните стручни студии од прв циклус, односно на нивото V А за кратки стручни студиски програми од прв циклус со 60 до 120 ЕКТС кредити од Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка за квалификации и соодветствуваат на ниво VI, односно ниво V од Европската рамка на високообразовни квалификации.

На лицата кои завршиле прв циклус студии им се издава диплома, со додавка на стекнатиот соодветен академски или стручен назив, ако со закон поинаку не е уредено.

Член 7

Лицето кое завршило втор циклус студии, се стекнало со најмалку 300 кредити од додипломски и постдипломски студии и одбранило магистерски труд го стекнува називот: магистер (скратено: м-р) од соодветната област (во меѓународниот промет: Master of Science, скратено: MSc.), односно магистер на уметности (во меѓународниот промет: Master of Art, скратено: MA).

Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на постдипломските студии припаѓаат на ниво VII А од Националната рамка на

квалификации утврдена со Законот за националната рамка за квалификации соодветствуваат на ниво VII од Европската рамка на високообразовни квалификации.

Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на интегрираните академски студии од прв и втор циклус припаѓаат на нивото VIIA од Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка за квалификации и соодветствуваат на ниво VII од Европската рамка на квалификации.

Лицето кое завршило втор циклус, специјалистички студии, се стекнува со стручниот назив: специјалист (во меѓународниот промет: Specialist, скратено: Spec.).

Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма од втор циклус стручни студии припаѓаат на ниво VII Б од Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка за квалификации и соодветствуваат на ниво VII од Европската рамка на високообразовни квалификации.

На лицата кои завршиле Втор циклус студии им се издава диплома, со додавка на стекнатиот соодветен научен, уметнички или специјалистички назив.

Член 8

Лицето кое завршило трет циклус - докторски студии и одбранило докторска дисертација, го стекнува научниот степен: доктор на науки (скратено: д-р од соодветната област (во меѓународниот промет: Dr.sc. Ph.D.), односно доктор на уметности (Dr.art).

Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на докторските студии од ставот 1 на овој член припаѓаат на ниво VIII од Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Националната рамка на квалификации утврдена со Законот за националната рамка за квалификации и соодветствуваат на ниво VIII од Европската рамка на високообразовни квалификации.

Член 9

Дипломата и додатокот на дипломата за припадниците на заедницата која зборува службен јазик различен од македонскиот јазик, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кои наставата ја следат на службен јазик различен од македонскиот јазик, се издава на македонски јазик и кирилско писмо и на јазикот и писмото на таа заедница, ако така е утврдено со статутот на Универзитетот.

Член 10

Промоцијата на лицата кои завршиле стручни или академски студии од прв и втор циклус студии ја врши деканот, на соодветната единица на Универзитетот, според постапка утврдена со правилата на единицата.

Промоцијата на лицата кои завршиле трет циклус, докторски студии и се

здобиле со научен степен доктор на науки ја врши ректорот на универзитетот, според постапка утврдена со статутот на Универзитетот.

Член 11

Универзитетот со дипломата издава и додаток на дипломата.

Додатокот на дипломата на првата страна содржи:

- грб, име и седиште на високообразовната установа;
- лого, име и седиште на единицата во состав на високообразовната установа;
- назив: „ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА“;
- податоци за носителот на дипломата (име, име на родител и презиме, датум, место и држава на раѓање и матичен број);
- податоци за стекнатата квалификација: датум на издавање на дипломата за стекнатата квалификација;
- име на квалификацијата;
- име на студиската програма, односно главното студиско подрачје, поле и област на студиите;
- име и статус на високообразовната установа која ја издава дипломата;
- име и статус на високообразовната установа која ги реализира студиите доколку е различна од установата која ја издава дипломата;
- јазик на наставата;
- податоци за нивото на квалификацијата: вид на квалификацијата (академски/стручни студии);
- ниво на квалификацијата;
- траење на студиската програма (искажано во години и ЕКТС кредити);
- услови за запишување на студиската програма, податоци за содржините и постигнатите резултати: начин на студирање (редовни, вонредни);
- барања и резултати на студиската програма кои помагаат да се разбере кои знаења, вештини и компетенции ги стекнува студентот кој ги завршил наведените студии;
-податоци за студиската програма (насока/модул, оценки и ЕКТС кредити);
-систем на оценување (шема на оценки и критериуми за добивање на оценките);
-просечна оценка во текот на студиите.

Втората страна содржи:

- податоци за користење на квалификацијата: пристап до понатамошни студии;
-професионален статус (ако е применливо);
-дополнителни информации: дополнителни информации за студентот;
- дополнителни информации за високообразовната установа: (име на установата, адреса, телефон, Е-пошта, веб и сл.);
- заверка на додатокот на дипломата: датум и место;
- име и потпис;

- функција на потписникот и печат, податоци за системот на високото образование во Република С.Македонија: видови високообразовни установи, односно установи што вршат високообразовна дејност;

- вид на студии;

- акредитација на високообразовната установа, односно установа што врши високообразовна дејност, структура на високообразовните универзитетски (академски) студиски програми;

- структура на високообразовните стручни студии;

- услови за запишување на студиите;

- систем на оценување.

Третата страна ја содржи шемата на образовниот систем на Република С.Македонија.

Додатокот на дипломата се изготвува на македонски, англиски јазик, како и на јазикот на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република С.Македонија.

ИЗГУБЕНА ИЛИ ПОНИШТЕНА ДИПЛОМА

Член 12

Изгубената диплома се огласува за неважечка во Службен весник на РСМ и на нејзино место се издава нова диплома.

Кога во дипломата е констатирана грешка, се поништува и се огласува за неважечка во Службен весник на РСМ, а на нејзино место се издава нова диплома. Поништената диплома се чува во студентската архива на универзитетот.

На новата диплома, која се издава на местото од изгубената или поништена диплома, се назначува дека е дупликат.

Доколку на ректорот и деканот, кои претходно ја потпишале дипломата, им е истечен или прекинат мандатот или им престанал работниот однос на универзитетот, новоиздадената диплома ја потпишуваат актуелните потписници, со новиот датум на нејзино издавање.

ДРУГИ ЈАВНИ ИСПРАВИ

Член 13

Други јавни исправи, кои ги издава Универзитетот, се уверение (за прв, втор и трет циклус на студии), индекс и студентска легитимација, кои што можат да ги содржат податоците и во електронска форма.

Студентската легитимација служи за идентификација на студентот, како и за електронска евиденција за неговото присуство на наставата.

Студентскиот индекс задолжително се издава во писмена и електронска форма (електронски индекс) или само во електронска форма.

Уверението, студентската легитимација и студентскиот индекс за припадниците

на заедницата која зборува службен јазик различен од македонскиот јазик, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и наставата ја следат на јазик различен од македонскиот јазик, се издава на македонски јазик и кирилско писмо и на јазикот и писмото на таа заедница.

Формата и содржината на овие исправи се уредени со Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи, донесен од Министерот за образование и наука.

ИЗГУБЕНИ ИЛИ ПОНИШТЕНИ ЈАВНИ ИСПРАВИ

Член 14

Изгубените јавни исправи (уверение, индекс и студентска легитимација) се огласуваат за неважечки во Службен весник на РСМ и на нивно место се издаваат нови јавни исправи.

Кога во јавните исправи е констатирана грешка, истите се поништуваат и се огласуваат за неважечки во Службен весник на РСМ, а на нивно место се издаваат нови јавни исправи. Поништените јавни исправи се чуваат во студентската архива на универзитетот.

На новите јавни исправи, кои се издаваат на местото од изгубените или поништените јавни исправи, се назначува дека се дупликат.

Доколку на ректорот и деканот, кои претходно ги потпишале јавните исправи, им е истечен или прекинат мандатот или им престанал работниот однос на универзитетот, новоиздадените јавни исправи ги потпишуваат актуелните потписници, со новиот датум на нивното издавање.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 15

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Универзитетскиот сенат.

Член 16

За измени и доплонувања на овој Правилник се спроведува постапка иста како и при негово донесување.

Член 17

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, од страна на Универзитетскиот сенат.

Претседател на Универзитетски сенат:
Вонреден професор д-р Ѓорги Сламков